Средствата за дореализација на инфраструктурните проекти од ставот 1 на овој член во износ од 6.484.199.019,00 денари, ќе се обезбедат од буџетите на Република Северна Македонија за 2026 и 2027 година, Раздел 130.01-Министерство за транспорт.

Член 3

За следење на наменското користење на капиталните дотации од оваа одлука се грижи Министерството за транспорт, преку склучување договори со единицата на локалната самоуправа за начинот на користење на финансиските средства и преку следење на реализацијата на склучените договори.

Исплаќањето на финансиските средства од оваа одлука треба да биде во рокови утврдени во договорите од став 1 на овој член на посебна наменска сметка на општините корисници на средствата, отворена исклучиво за намената утврдена во членот 2 од оваа одлука, врз основа на изведени работи и комплетна исплатна документација.

Член 4

Министерството за транспорт, во случај на утврдени неправилности и ненаменско користење на средствата од страна на општините корисници, ќе ја запре исплатата на средствата за капиталните дотации.

Член 5

Општините корисници распределените средства треба да ги користат за намената утврдена во членот 2 од оваа одлука, во спротивно имаат обврска да ги вратат и уплатат средствата во Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6

Општините корисници на средствата од оваа одлука месечно доставуваат извештаи за реализацијата и напредокот на активностите до Министерството транспорт.

Министерството за транспорт доставува извештаи за степенот на реализација на средствата до Владата на Република Северна Македонија на секои три месеци.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-6260/12
1 јули 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**2981.**

Врз основа на член 39 став 8 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 254/24), а во врска со член 7 од Програмата за користење на капитални дотации за финансирање на инвестициони проекти на општините и општините во Градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 27/25 и 65/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 јули 2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА КАПИТАЛНИ ДОТАЦИИ ДО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува намената и описот на активностите на инфраструктурните проекти од областа на социјалната политика, демографија и млади за 2025 година, корисникот на средствата како носител на активноста, износот на финансиските средства и начинот на користење и исплатата на финансиските средства, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во Раздел 150.01 – Министерство за социјална политика, демографија и млади, Потпрограма АА – Инфраструктурни проекти во општините, ставка 488 – Капитални дотации до ЕЛС, во вкупен износ од 100.000.000,00 денари за 2025 година.

Член 2

Вкупната вредност на проектите и средствата обезбедени од член 1 од оваа одлука, се за реализација на следните инфраструктурни проекти:

| Намена и опис на активност | Корисник на средства (општина) | Вкупна вредност на проектот (во денари) | Вкупно средства по проект за 2025 година (во денари) |
|---|---|---|---|
| Изградба на детска градинка во населено место Маџари, Триангла | Гази Баба | 144.558.767.00 | 28.000.000,00 |
| Изградба на објект за детска градинка во с. Ново Село, Фаза 2 | Ѓорче Петров | 11.556.840,00 | 5.000.000.,00 |
| Основен проект за објект со клас на намена комбинирана детска установа за ЈУОДГ „Пролет“ - објект Пролет 2 | Карпош | 139.941.109,00 | 20.000.000,00 |
| Изградба на Дом за престој на стари лица – Кочани | Кочани | 199.845.159,00 | 35.000.000,00 |
| Реконструкција на ЈОУДГ “Царка Андреевска“ | Кратово | 7.949.522,00 | 4.000.000,00 |
| Изградба на детска градинка во село Мелница | Чашка | 16.751.287,00 | 7.000.000,00 |
| ВКУПНО | | 520.602.684,00 | 100.000.000,00 |